РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
П. Бр. 106/07

.............................. 200..... г.

ОСНОВЕН СУД - РЕСЕН
ПРИМЕНО
18 05 / 10

R RR 066780148 MK

17. 05. 2010

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА КАЈ
ПОШТА 7310

ЛИЧНО НА РАКА

CN 15

Inconnu / Непознат
Refusé / Одбива
Déménagé / Преселен
Non Réclamé / Не барал
Adresse insuffisante / Непозната адреса
Décédé / Починал

12.05.10-16 7310

14.5.10

ДО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
П. Бр. 106/07

.............................. 200..... г.

ОСНОВЕН СУД - РЕСЕН
ПРИМЕНО
18 05 / 10

R RR 066780148 MK

17. 05. 2010

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА КАЈ
ПОШТА 7310

ЛИЧНО НА РАКА

CN 15

Inconnu / Непознат
Refusé / Одбива
Déménagé / Преселен
Non Réclamé / Не барал
Adresse insuffisante / Непозната адреса
Décédé / Починал

12.05.10-16 7310

14.5.10

ДО

П.бр.206/07 год.

Основниот суд во Ресен, составен од судијата Љубица Саламовска, како судија поединец, во постапката по тужбата на тужителот Слободан Шиндиловски од Скопје, против тужената Силвана Тозиевска од Ресен, за враќање во владение на подвижни ствари или паричен надоместок, вредност 714.308,00 ден., решавајќи по барањето на тужителот, за иземање на сите судии од Основен суд Ресен, од понатамошно постапување во предметниот спор, упатено повторно преку Основен суд Ресен до Врховен суд на РМ Скопје, на ден 17.12.2009 год., го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТФРЛА барањето, на тужителот Слободан Шиндиловски од Скопје, за иземање на сите судии од Основниот суд Ресе од понатамошно постапување по неговата тужба, против тужената Силвана Тозиевска од Ресен, за враќање во владение на подвижни ствари или паричен надоместок, вредност 714.308,00 ден.

Постапката по тужбата да продолжи кај судијата Љубица Саламовска.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Пред овој суд е заведен спор по тужбата на тужителот, против тужената, за враќање во владение на подвижни ствари или паричен надоместок, вредност 714.308,00 ден.

Поради настанатите персонални промени во судот и со новата распределба на парничните предмети на судијата Љубица Саламовска, меѓу другите предмети и беше доделен и парничниот предмет П.бр.206/07.

Во меѓувреме со писмен поднесок од 20.11.2009 год., тужителот побара повторно иземање на сите судии од Основниот суд во Ресен, од причини наведени во барањето.Имено, по неговото барање исто така за иземање на сите судии на овој суд, упатено преку Основен суд Ресен до Врховен суд на РМ, Врховниот суд на РМ со решение Р.бр.72/09 од 16.10.2009 год. предлогот на тужителот го одби како неоснован.

Постапувајќи по повторното барањето на тужителот за иземање на сите судии на овој суд, судот најде дека согласно чл.66 ст.1 од ЗПП странката може да бара иземање само на судијата пред кој се води постапката односно на претседателот на судот кој треба да одлучи за барањето за иземање.Согласно пак ст.2 од истиот член не е допуштено барање за иземање на сите судии од еден суд кои би можеле да постапуваат во тој предмет како и ако барањето е засновано врз исти причини односно околности за кои веќе е одлучено, што е и случај во конкретниов предмет, поради што а согласно погоре цитираниот член ст.3 од истиот законски пропис, се одлучи како во изреката на ова решение.

С у д и ј а,
Љубица Саламовска, ср.

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Верно со оргиналот потврдува
Судски службеник

ПОУКА:Против ова решение не е дозволена посебна жалба.
Д-НА: На тужителот.

ЛР/